Ст.бр.12/2023

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Павле Рафајлоски, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, преку полномошник Адвокат Татијана Велкоска Ристески од М.Брод, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за превоз, услуги и трговија „МАРИО-ТРАНС“ Симуноски Добре увоз–извоз ДООЕЛ с.Самоков, Самоков, по одржаната расправа, во присуство на полномошник Адвокат Татијана Велкоска Ристески од М.Брод и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 26.10.2023 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за превоз, услуги и трговија „МАРИО-ТРАНС“ Симуноски Добре увоз–извоз ДООЕЛ с.Самоков, Самоков, со седиште во село Самоков со ЕМБС 5358035 и ЕДБ 4018999102051, основано 10.12.1999 година, со приоритетна дејност 49.39 Друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место, со трансакциска сметка со број: 300020000141946 при Комерцијална банка АД Скопје, СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Комерцијална банка АД Скопје да ја згасне трансакционата сметка на должникот а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот, поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 26.10.2023 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на должникот му престои идна неликвидност.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 12/2023 од 26.10.2023 година.

Стечаен судија,
Павле Рафајлоски

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот- полномошник Адвокат Татијана Велкоска Ристески од М.Брод, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Комерцијална банка АД Скопје.